# Забрана за пластика за еднократна употреба во Викторија

Macedonian | Македонски



## Загадувањето со пластика штети на нашата животна средина и на дивите животни

Пластиката за еднократна употреба претставува една третина од отпадот што го гледаме во нашата околина, а чистењето е тешко и скапо.

Тие производи често се користат само неколку минути и создаваат голема количина на отпад што тешко се рециклира. Тоа може да ја загади нашата животна средина на ист начин како и конвенционалните пластични предмети.

Честопати на компостливата и разградливата пластиката ѝ е потребна посебна обработка. Сите форми на пластика може да бидат лоши за околината кога се расфрлаат.

## Одредени видови на пластика за еднократна употреба сега се забранети

Следните предмети од пластика за еднократна употреба се забранети за продажба или набавка во Викторија:

- ✕ **Сламки за пиење**
- ✕ **Прибор за јадење**, вклучувајќи ножеви, вилушки, лажици, стапчиња за јадење (chopsticks), комбинации лажица/вилушка/нож (sporks, splades) и чепкалки
- ✕ **Чинии**
- ✕ **Стапчиња за мешање пијалоци**
- ✕ **Пластични стапчиња со памучен врв**
- ✕ **Садови за послужување храна и пијалоци од експандиран полистирен,** вклучувајќи:
  - чинии
  - чаши
  - длабоки чинии
  - „школки"
  - покривки или капаци.

Забранет пластичен предмет за еднократна употреба е оној што е целосно или делумно направен од пластика и не може повторно да се употребува.

Забраната се однесува на биоразградлива, разградлива и компостлива пластика.

Предмети за повеќекратна употреба се оние предмети што се произведени за да се користат повеќепати за иста намена и имаат гаранција или друга писмена изјава од производителот дека се дизајнирани да траат најмалку една година.

Не е прекршок некој да продава, доставува, испорачува или обезбедува пластични сламки за пиење за еднократна употреба, ако разумно верува дека лицето што ги бара сламките, или некој/субјект што дејствува во негово име, бара такви сламки поради попреченост или медицинска потреба.

За повеќе информации, видете Дел 5.5 од **„Прописи за заштита на животната средина од 2021 година" (Environment Protection Regulations 2021)**.

## Постојат некои исклучоци од забраната

Исклучоци од забраната се поради специфични здравствени и безбедносни причини или ако нема достапни алтернативи.

Постојат 4 исклучоци за користење пластични предмети за еднократна употреба:

- ✓ **Стапчиња со памучен врв за тестирање** што се врши за научни, медицински и форензички цели или за спроведување на законот
- ✓ **Прибор за јадење, по потреба, во затворите и установите за ментално здравје,** за да се спречат физички штети и повреди
- ✓ До 1 ноември 2024 година, **чинии од хартија или картон што се обложени со пластика**
- ✓ До 1 јануари 2026 година, **кој било пластичен предмет за еднократна употреба кој е интегриран во опаковката на храна или пијалоци со автоматизиран машински процес**. На пример, пластична лажица за еднократна употреба во чаша со кисело млеко.

Можеби ќе сакате да му дадете на вашиот добавувач писмена изјава дека ги користите производите во согласност со **прописите**.

## Што треба да направите

Забраната важи за сите бизниси и организации, вклучувајќи:

- **Непрофитни организации**
- **Спортски клубови**
- **Училишта**
- **Други здруженија**
- **Ресторани, кафулиња и други продавници за храна**
- **Продавници.**

Освен за исклучоците наведени погоре, противзаконски е:

- Да се продаваат, снабдуваат, испорачуваат или обезбедуваат забранети пластични предмети за еднократна употреба во Викторија
- Да се даваат лажни или погрешни информации за тоа од што се направени забранетите производи.

Ако имате останати залихи на забранети предмети купени пред 1 февруари 2023 година, можете:

- Да го контактирате снабдувачот за да видите дали нуди размена или прифаќа усогласена замена
- Да контактирате со локална служба за рециклирање за да видите дали можат да рециклираат големи количини.

Не можете да ги ставите овие предмети во канти за рециклирање.

Работиме со бизниси за да им помогнеме да ја разберат забраната. Веќе се сретнавме со повеќе од 6500 малопродажни и угостителски бизниси низ Викторија.

Ние заземаме ескалирачки пристап кон придржувањето кон забраната, фокусирајќи ги нашите напори таму каде што можеме да направиме најголема разлика. Кога ги користиме нашите регулаторни алатки, обезбедуваме тие да се фокусирани на проблемот и на посакуваниот исход.

За повеќе информации, погледнете го нашето **начело за придржување и спроведување**.

Ако не се придржувате до забраната, може да се соочите со казни до 11095,20 долари за поединци или до 55476 долари за тела за управување со станбени згради (body corporates).

Забраните се различни во различни држави. Ваша одговорност е да го разбирате и почитувате викторискиот закон. Ако работите надвор од Викторија, проверете ги законите на секоја држава.